**СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ**

# МИСЛЕЊЕ КОН ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА СТОПАНСКА БАНКА АД – СКОПЈЕ ВО 2017 ГОДИНА

Скопје, април 2018 година

**МИСЛЕЊЕ КОН ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО**
**НА СТОПАНСКА БАНКА АД – СКОПЈЕ ВО 2017 ГОДИНА**

1. Стопанска банка АД – Скопје (СБ) ги извршуваше своите активности во текот на 2017 година во согласност со законите, Статутот на СБ и интерните прописи.

2. Исполнувањето на поставените цели го следеше Надзорниот одбор на редовна основа преку разгледување на исцрпните месечни извештаи од Управниот одбор кои содржат нумерички и описни податоци и редовна оценка на чекорите кои се превземаа за исполнување на утврдените цели. Освен тоа, наведениот Извештај содржи и редовно известување за активностите на Одборот за управување со ризици. Управниот одбор имаше обврска за организирање и следење на сите активности поврзани со остварувањето на буџетираните таргети.

3. Во 2017 година, домашната економија беше сеуште под влијание на пролонгираната политичка криза во земјата. Резултатот од тоа беше воздржување од инвестиции и намалување на корпоративните кредити, што на крајот водеше кон негативен раст на БДП во првата половина од годината. Сепак, формирањето на новата Влада кон крајот на maј беше перцепирано од страна на економските агенти како можност за обновување на политичкиот простор и оживување на реформите. Следствено, постепено опоравување на економската активност започна во втората половина од годината, што сепак се очекува да биде поосетно во 2018 година.

Во услови на несигурност која преовладуваше, СБ успеа да постигне резултати кои уште еднаш ја демонстрираат отпорноста на нејзиниот деловен модел и успешното раководство. Следствено, на крајот на годината, Банката забележа добивка пред оданочување од ЕУР 37,1 милиони што е за 8.8% пониска од истиот индикатор во 2016 година. Но, треба да се напомене дека таквиот резултат се должи на зголемените потреби за резервации за еден специфичен случај кој се појави во четвртиот квартал од 2017 година, но кој беше комплетно разрешен во текот на првиот квартал од 2018 година. Ако Банката го исклучи ова неповолно влијание, кое беше од времена природа, тогаш остварената добивка во 2017 година е повисока од реализираната во 2016 година за ЕУР 3,1 милиони, или 8,5%. Анализирајќи го прегледот на перформансите во друг сегмент, подобрување може да се забележи во областа на нето приходи од камати, нето приходи од провизии и надоместоци и други оперативни приходи. Покрај тоа, Банката беше фокусирана на продолжување на процесот на рационализација на оперативните трошоци, што може да се забележи оваа година.

Вкупните средства на Банката достигнаа износ од ЕУР 1.404,3 милиони, повратот на средства (ROA) изнесуваше 2,4%, додека повратот на капитал (ROE) достигна 15,0%, посочувајќи на стабилни приноси за акционерите. Со солиден капитал, кој обезбеди висок коефициент на адекватност на капиталот од 15,42%, СБ потврдува дека е еден од најдоверливите финансиски партнери во земјата.

Во рамки на имплементираната силна и интегрирана рамка за управување со кредитниот ризик, СБ успеа да одржи стабилно и добро дивезифицирано кредитно портфолио во 2017 година. Одржувањето на низок и контролиран коефициент на нефункционални кредити е една од главните стратешки цели на Банката. Како резултат на тоа, коефициентот на

нефункционални кредити на Банката беше понизок за приближно 90 б.п. во споредба со конкурентските банки од банкарски сектор.

И покрај опкружувањето, Стопанска банка постојано ги фокусира своите напори во градење на односи со своите клиенти и збогатување на својата мулти-каналската понуда за да обезбеди основ за понатамошен раст и експанзија на клиентската база.

4. Како и во претходните години, Банката продолжи со финансиското работење паралелно со нејзината посветеност за поддршка на локалната заедница во согласност со стандардите за корпоративна општествена одговорност. Според тоа, Банката поддржа различни активности на корпоративна општествена одговорност со цел да се постигне севкупна корист за локалната заедница и истовремено ја промовираше свеста за корпоративна општествена одговорност во нејзината основна дејност преку поддржување на проекти кои се од голема важност за државата и економијата.

5. Имајќи ги во вид перформансите на СБ во 2017 година, квантитативните и квалитативните податоци презентирани во Годишниот извештај, Надзорниот одбор оценува СБ го задржа континуитетот на нагорен тренд во работењето и без оглед на многуте предизвици во текот на годината, Банката успеа не само да ги совлада тешкотиите туку и да постигне одлични резултати. Овие позитивни резултати го отсликуваат непрекинатиот успех на долгорочната стратегија на Банката кон што постојано се тежнее отакако истата беше превземена од страна на  НБГ, односно од 2001 година. Надзорниот одбор има задоволство да извести за уште една успешна година во која СБ уште еднаш ја потврди лидерската позиција на пазарот и во заедницата.

6. Надзорниот одбор би сакал во оваа прилика да изрази благодарност на сите клиенти, вработени, соработници, заинтересирани страни и акционери на СБ за нивната доверба и поддршка во текот на минатата година.

Н.О. бр.
_______.2018
С к о п ј е

**НАДЗОРЕН ОДБОР**

**Претседател,**
Маринис Стратопулос